Република Северна Македонија
НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
IN QENDRA NACIONALE E KONSERVIMIT - SHKUP
Republic of North Macedonia
NI NATIONAL CONSERVATION CENTER OF CULTURAL HERITAGE - SKOPJE

Дел. бр../Ref. No 01 -36/2

Data/ Date: 20 27.02.2025

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНИ РАБОТИ ВО ПЕРИОД ОД 01.01.2024 - 31.12.2024

## ОД

## НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

*- НАРАТИВЕН ДЕЛ-*







Подносител на Годишен извештај за работа за 2024:

**м-р Цветанка Хаџи Пецова**
**в.д директор**

Скопје, февруари 2025

Adresa: "Јосиф Михајловиќ" bp.7, P.Fah. 225, 1000 - Skopje, tel: (02) 3227-240; faks (02) 3289 888;
Adresa: Rr: "Јосиф Михајловиќ" nr.7, Kutia postale 225, 1000 - Shkup, tel: (02) 3227-240; faks (02) 3289 888;
Address: "Josif Mihajlovic" br.7, P.O.Box 225, 1000-Skopje, tel. (** 389 2) 3227-240, fax: 3289 888,
Web: http://www.heritage.gov.mk, email: contact@heritage.gov.mk; rzsindok@mt.net.mk

## СОДРЖИНА


- ***Вовед***
- ***Актуелни проблеми***

**I. ПРОЕКТИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА - 2024**

**II. ТЕКОВНИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

1. *Непланирани увиди во постојна состојба на недвижни добра*
2. *Издавање на Конзерваторско мислење*
3. *Стручна контрола на конзерваторски проекти*
4. *Вршење конзерваторски надзор*
5. *Прием на изведени работи на непосредна заштита*
6. *ИНДОК центар и документирање*

**III. ВОНПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ и СТРУЧНИ АНГАЖМАНИ**

1. *Конзерваторско-реставраторски работи на 122 дела од Спомен куќата на Лазар Личеновски*
2. *Археолошки истражувања*
   - *Рекогносцирање*
   - *Заштитни археолошки истражувања*
3. *Валоризација/ревалоризација*
4. *Стручна помош / Учество во изработка и/или реализација на проекти*

**IV. ОРГАНИЗАЦИСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ АКТИВНОСТИ**

- *Седници на Управниот одбор*
- *Стручен совет*
- *Интерни стручно-работни групи*
- *Спроведување на Јавни набавки*
- *Пописни комисии*
- *Архивско работење*

**V. ДРУГИ СТРУЧНО - НАУЧНИ АНГАЖМАНИ**

## Вовед



*Финалниот Годишен извештај* за работа на матичната Национална установа Национален конзерваторски центар – Скопје се поднесува за период дефиниран од 01.01.2024 заклучно до 31.12.2024 г., врз основа на Решение донесено од страна на Министерот за култура, за избор на проекти од Нацрт годишната програма за работа на НУ Националниот конзерваторски центар – Скопје и согласно следните акти:

- **Договор** за учество во финансирање на Програмата од национален интерес во културата од областа на заштитата на недвижното културно наследство за 2024 потпишан помеѓу:
  - *Министерството за култура на Република Северна Македонија арх.* бр. 32-2817/1 од 29.02.2024
  - *НУ Национален конзерваторски центар – Скопје* (арх. бр. 01-11/2 од 01.03.2024)

- **Анекс - Договор** кон основниот Договор бр.322817/1 од 29.02.2024, склучен помеѓу Министерството за култура бр. 32-2817/19 од 27.05.2024 год. и НУ Национален конзерваторски центар –Скопје, бр.01-11/4 од 29.05.2024 год.

*Финалниот Годишен извештај за работа за 2024 година на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје (во понатамошниот текст НКЦ- Скопје) содржи релевантни показатели за реализација на проектите и активностите што се опфатени со Годишната програма за работа во областа на недвижното културно наследство и недвижност по намена финансирани од Буџетот на РСМ, како и податоци и информации за тековни активности по основ на матичната функција и други вонпрограмски работи кои се извршени во извештајниот едногодишен период.*

❖

**Годишниот извештај за работа на НКЦ Скопје го поднесува**
**в.д Директорот на установата,**
**а финалната верзија од истиот го усвојува**
**Управниот одбор на НУ НКЦ-Скопје**

## *Актуелни проблеми*

На почетокот сакаме да укажеме на поактуелни проблеми од повеќе аспекти кои континуирано се провлекуваат во изминатите години, но за жал досега немаше конкретни иницијативи за нивно системско, т.е подолгорочно решавање, ниту донесување на конкретно времено решение. Ваквата институционална состојба присутна во многу сегменти од стручното и административно функционирање на матичната установа негативно се рефлектира/ше во досегашното поотежнато работење на внатрешните организациони единици, што понатаму се одразува и на работењето на институционално ниво.

Во рамките на овој годишен извештај како посериозни и актуелни проблеми/појави ги издвојуваме следните:

1. **Дефицитарен стручен кадар во институцијата**, со што постоечкиот кадровски потенцијал не е во можност да ги извршува во целост своите статутарни надлежности на матична установа. Со тоа доаѓа до задоцнето завршување на работните задачи, пролонгирање на дефинираната динамика, одложени рокови за започнување/ завршување на проектни и др. тековни активности, што консеквентно се одразува на следење на состојбите и заштитата на недвижното културно наследство и недвижноста по намена. Вработувањето на нови кадри, односно зголемувањето на бројот на вработени лица во институцијата во сите организациони единици е најважниот предуслов за ефикасна и функционална установа.

   - НКЦ е надлежен на 32 општини во државата, а стручните лица со изборни стручни звања (виши конзерватори и советници), кои можат да бидат носители/раководители на проекти) во одредени одделенија се движи во граници од 1-2 лице (ист. на уметноста, археолози, конзерватори за ѕидно сликарство). Додека кај архитектите во моментот со назначување на единствнеиот арх. конзерватор советник за в.д Директор нема стручно лице, а три лица кои се стекнати со стручно звање виш конзерватор не се распоредени на тоа работно место, поради немање согласност од Министерство за финансии за валоризирање на нивните изборни стручни звања.

   - Освен редуцираноста на стручниот конзерваторски кадар од различни специјалности, исто така со години постојат испразнети работни места од административниот кадар (правник/секретар на установата, благајник, сметководител, магационер/домаќин, возач).

2. Особено е значајно е да се истакне во реализацијата на проектите за недвижното културно наследство се среќаваме со **недостаток од** ***<u>обучени/ квалификувани мајстори за работа со традиционални материјал и техники</u>****,* *нитy постојата специјализирани фирми со конзерваторски лиценци за изведба на конзерваторско-рсставраторски работи на недвижното културно налседство.*

3. **Заштитните интервенции** поврзани со непосредна заштита на **градителското културно наследство** се реализираат по пат на ангажирање на **градежни фирми <u>со Лиценца А</u>** (кои немаат допирни точки со заштитната дејност, односно *<u>тие не се специјализирани фирми за реставрација со што претставува реален проблем од аспект на спроведување на стручни заштитни интервенции</u>*). На ова би го надоврзале и фактот што ваквите *стручни активности се доделуваат по пат на тендери, каде основен квалификувачки фактор е понудената најмала цена,* наместо квалитетот на изведбата и позитивното искуство со конзерваторски зафати на надевижното културно наследтво; Она што е многу позначајно и загрижувачки е фактот дека реставраторските работи на архитектурата на културните добра во голем број случаи се изведуваат нестручно, без перманентно следење/ раководење на работите од страна на конзерваторите (повторно заради недостаток од стручен кадар).

4. **Управно-правните работи и процедури од страна на УЗКН за добивање/издавање** на **законски акти се премногу бирократизирани,** особено *конзерваторските одобренија за вршење работи на непосредна заштита на градителското наследство се премногу*

*усложнети за националните усранови, односно неможноста за реализација на проектите (имено во издадените конзерваторски одобренија од УЗКН се наведува дека е потребно и Одобрение за градење во случај ако има заштитни интервенции со кои се врши конструктивно зајакнување/санација/ реконструкција на културното добро).*

- На ова се надоврзува неусогласеноста и противречноста на некои одредби во актуелниот **Закон за градење**, каде не се прави разлика помеѓу изградба на новоградби и интервенции на непосредна заштита на културното наследство во постапките на изработка, стручна верификација на проектите и спроведување на проектната документација, како и во различното дефинирање на поимот „реконструкција" и на системот на „категоризација" на градбите. Ова придонесува кон усложнување и пролонгирање на процедурите за преземање, односно непреземање нс конзерваторско-реставраторски мерки на недвижното културно наследство.
- Досегашната соработка и писмена кореспонденција на релација УЗКН и НКЦ се оценува како незадоволителна, бавна, селективен и индивидуален пристап во однос на постапување во одредени управни постапки. Преку повеке примери може да се потврди дека службите во Управата за заштита на културното наследство се ставаат во функција на „ревизори" на извештаите изработени од комисиските тела формирани за вршење стручна контрола на конзерваторските проекти. Досега востановените процедури од страна на одредени административни службеници излегуваат од законски дефинираните надлежности и ваквите практики треба да се прекинат, со цел обезбедување поефикасно функционирање на националните установи кои се основани за заштита на културното наследство.

5. **Конзерваторските лаборатории за икони и штафелајно сликарство во НКЦ се соочуваат со недостаток на современа опрема за конзервација**. Последната посериозна инвестиција во опрема беше спроведена во 2000 година, по пат на донација од ФАРЕ. Единствена современа опрема која ја поседуваме е во рамките на хемиската лабораторија, додека останатите конзерваторски лаборатории се соочуваат со недостаток на основни услови за работа.

   Оттука, **неопходни се посериозни инвестиции во современи апаратури, алати и лабораториска опрема кои ќе овозможат соодветен третман на културните добра, согласно постоечките стандарди во заштитно-конзерваторската дејност.**

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ**
**ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО 2024**

| Р. бр | НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ | СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА<br>ПЕРИОД ОД 01/01 - 31/12/2024 |
|---|---|---|
| | | |
| **1.1** | ***Непланирани стручни увиди во постојна состојба на недвижни културни добра под територијална надлежност на НУ НКЦ Скопје*** | Вршењето стручни увиди во постоечката состојба на зачуваност/оштетеност на различниот вид на недвижни културни добра претставува континуирана програмска активност која особено е значајна во програмирањето на заштитни мерки/интервенции во протектолошката дејност. Во текот на извештајниот период реализирани се повеќе стручни увиди во постоечката физичка состојба на недвижни добра со статус на заштитени и евидентирани добра диспозицирани во општините за кои НКЦ има територијална надлежност. Стручните увиди се организраат и реализираат врз основа на доставени барања од правни субјекти или физички лица/иматели /корисници на културни добра. За таа цел формирани се стручни тимови во чиј состав се вклучени лица од различна специјалност, а врз основа на извршените теренски увиди изработени и доставени се Извештаи (подетално за извршените увиди се дадени во точка 1.Увиди во постоечка состојба на недвижни добра) |
| Раководител: | | **м-р Цветанка Хаџи Пецова**, диа, конзерватор советник |
| Одобрени финансиски средства за 1.1 | | **120,000.00 ден.** |
| **1.2** | ***Минералошка анализа на градбени материјали од културното наследство во функција на интегрираните конзерваторски истражувања*** | **Проектот е целосно завршен и комплетиран** со потребните прилози, анализи и документација и согласно предвидената динамика и обезбедените средства.<br>Со реализацијата на проектот е постигната надградба на редовната аналитичка методологија што се спроведува во хемиската лабораторија, преку воведување на нови софтверско-аналитички алатки компатибилни со инструменталната опрема во лабораторијата (XRD и FTIR). Реализацијата на проектот има долгорочен бенефит, бидејќи може да се имплементира во сите наредни конзерваторски истражувања кои вклучуваат физичко – хемиски истражувања на материјалите, како што се: малтер, камен, керамика, пигменти и други слични неоргански материјали. |
| Раководител на проект: | | **д-р Лидија Робева Чуковска**, хем. инжињер, конзерватор советник |
| Одобрени финансиски средства за 1.2 | | **100,000.00 ден.** |
| |  |   |
| **1.3** | ***Проект за конзервација и реставрација на архитектурата и ѕидното*** | Во функција на изработка на конзерваторскиот проект извршени се конзерваторски истражувања на ѕидното сликарство во црквата. |

<table>
<tr><td></td><td>сликарство на црквата<br>Св. Ѓорѓи во с. Петралица,<br>општина Ранковце</td><td colspan="2">Проектот конкретно се однесува само на ѕидното сликарство на црквата Св.Ѓорѓи во с. Петралица.<br>По обезбедувањето на потребните документи (Согласност од МПЦ-ОА Кумановска-осоговска епархија, изработка на Програма за конзерваторски истражувања и добиеното Одобрение од УЗКН); определениот стручен тим во полн состав го изврши теренскиот дел од истражувањата (во период од 15 до 19 јули, 2024 год.).<br>Конзерваторскиот проект е комплетиран со потребните содржински делови (текстуални и графички прилози) и истиот во принтана и електронска форма е доставен во УЗКН за формирање Комисија за вршење стручна контрола.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Раководител на проект:</td><td colspan="2">д-р Јехона Спахиу Јанчевска, историчар на уметноста, конзерватор советник</td></tr>
<tr><td colspan="3">Одобрени финансиски средства за 1.3</td><td>60,000.00 ден.</td></tr>
<tr><td colspan="4">     </td></tr>
<tr><td>1.4</td><td>Изработка на конзерваторски проект за црквата Св. Ахил Лариски, с. Требиште,<br>општина Маврово и Ростуше<br>(фаза - ѕидно сликарство, XIX век)</td><td colspan="2">Врз основа на изработената Програма за конзерваторски истражувања на ѕидното сликарство добиено е Одобрение (УП. Бр. 08-497 од 02.07.2024), стручниот тим ги реализираше потребните кабинетски и теренски конзерваторски истражувања.<br>Конзерваторскиот проект е завршена програмска активност. Истиот е комплетиран и опремен со потребните стручни извештаи, анализи и графички прилози, а врз основа на Проектната програма даден е предлог за заштитни интервенции на ѕидното сликарство во црквата.<br>Три (3) идентични примероци од Проектот (во принтана и електронска форма) се доставени во УЗКН со цел формирање Комисија за вршење стручна контрола.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Раководител на проект:</td><td colspan="2">м-р Дарко Николовски, ист. на уметноста, конзерватор советник</td></tr>
<tr><td colspan="3">Одобрени финансиски средства за 1.4</td><td>50,000.00 ден.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Фотодокументација<br>  </td></tr>
<tr><td>1.5</td><td>Изработка на Проект за конзервација и реставрација на седум (7) престолни икони од црквата Св. Ахил Лариски, с. Требиште, Општина Маврово и</td><td colspan="2">Проектот е финализиран и комплетиран со текстуални и графички прилози<br>Конзерваторскиот проект беше доставени во УЗКН со цел формирање Комисија за стручна контрола на проектот; Од страна на стручната комисија изработен и доставен е</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | *Ростуше* | позитивен комисиски извештај со кој проектот се прифаќа за реализација. |
| Раководител на проект: | | **Маја Манџурова,** ист. на уметноста, *конзерватор советник* |
| Одобрени финансиски средства за 1.5 | | **45,000.00 ден.** |
| **1.6** | <u>Непосредна заштита</u>**:** ***Реализација на Проектот за конзервација и реставрација на ѕидното сликарство во црквата Св.Богородица, село Лешок*** /четврта фаза/ | Заштитните интервенции и конзерваторските постапки за третман на ѕидното сликарство во црквата беа реализирани согласно Проектот за конзервација и реставрација на ѕидното сликарство во црквата Св. Богородица Лешок, бр. 08-188/5 од 07.09.2021 година, изготвен од НУ НКЦ – Скопје.<br>Од страна на раководителот на работите на непосредна заштита изработен е Извештај за завршениот вид и обем на заштитни интервенции и истиот е доставен во Управата за заштита на културното наследство. |
| Раководител на непосредна заштита | | **м-р Владо Муковски**, сликар, конзерватор советник |
| Одобрени финансиски средства за 1.6 | | **250,000.00 ден.** |
| *Фотодокументација*   | | |
| **1.7** | <u>Непосредна заштита</u>: ***Конзерваторско-реставраторски работи на четири (4) икони од манастирот „Св. Архангел Михаил“*** *општина Берово* ***(II фаза)*** | **Четирите икони**: *Св. Четириесет маченици, Св. Никола, Св.пророк Илија и Св. Мина* се земени од имателот/црквата и истите се донесени во лабораторијата за конзервација и реставрација на икони при НУ НКЦ – Скопје.<br>- Извршена е дезинсекција со третман на аноксија, кој се одвиваше во времетраење од 6 недели.<br>- Отстранети се металните опкови на иконите, а врз иконописот е прилепена заштитна хартија со 5% туткален раствор и површината е испеглана.<br>-Конзерваторско- реставраторските интервенции се во процес на реализација |
| Раководител на непосредна заштита: | | **м-р Емилија Лазаревска**, сликар, *конзерватор советник* |
| Одобрени финансиски средства за 1.18 | | **50,000.00 ден.** |
|     | | |

| | | |
|---|---|---|
| **1.8** | <u>Непосредна заштита:</u> ***Конзерваторско - реставраторски работи на иконописот од црквата Св.Спас, с. Ногаевци****, општина Градско* | Отпочната е **втората фаза на конзерваторско-реставраторски работи на икони од црквата Св. Спас, с. Ногаевци, општина Градско**. Работите се во фаза на *ретуш* и конзерваторскиот третман на истите ќе биде завршен во согласност со рокот определен во Конзерваторското одобрение**.** |
| Раководител на непосредна заштита: | | **д-р Валентина Поцеска,** *сликар, конзерватор советник* |
| Одобрени финансиски средства за 1.8 | | **60,000.00 ден.** |
| *Фотодокументација* | |   |
| **1.9** | <u>Непосредна заштита</u>**:** Реализација на Проект за ***Конзервација и реставрација на архитектурата на црквата Св. Никола, с. Псача****,* *општина Крива Паланка* **(IV фаза)** | **Работите на непосредна заштита (IV фаза) на црквата Св. Никола, с.Псача не се реализирани:**<br><u>Тендерот беше објавен три пати, но без успешна завршница на постапката</u> *(слаба заинтересираност на градежните фирми со „**А**" лиценца за учество на тендер; или доставените понуди беа со значително повисоки суми во однос на одобрените средства во Годишната програма за работа за 2024).*<br><u>Забелешка: Со одобрение /согласност од МК средствата беа пренаменети за реализација на работи на непосредна заштита од точка 1.17 –Куќа на Апасиеви во Велес.</u> |
| Раководител на проект: | | **м-р Цветанка Хаџи Пецова**, диа**,** *конзерватор советник* |
| <u>Одобрени финансиски средства за 1.9</u> | | **1,300,000.00 ден** |
| **1.10** | <u>Непосредна заштита</u>: ***Конзервација и реставрација- препокривање на црквата Успение на Пресвета Богородица во манастирскиот комплекс Матејче****, с.Матејче, Општина Липково* **(II фаза)** | <u>**Работите на непосредна заштита не се реализирани**</u><br>(*минимално доделените средства беа недоволни за да се отпочнат покривачките работи на сложените кровни површини со оловен лим)*<br><u>Со согласност од МК, средствата беа пренаменети за реализација на проект од точка 1.17 –Куќа на Апасиеви во Велес.</u> |
| <u>Одобрени финансиски средства за 1.10</u> | | **500,000.00 ден.** |
| **1.11** | <u>Непосредна заштита</u>: **Конзервација и реставрација на црквата *Св. Архангел Михаил и Св.Гаврил Лесновски*- пустиножител во Лесновскиот манастир,** *с. Лесново - Пробиштип* (VI фаза) | За релизација на работите на непосредна заштита три пати беше спроведена јавна набавка. По успешно завршената тендерска постапка беше избрана фирмата *Макаус Благоја Дооел Скопје со која беше склучен Договор за* реализација на покривачките работи на црквата.<br>**Работите на непосредна заштита од шестата (VI) фаза се завршени во текот на месец декември 2024 г.,** во рамките на оваа фаза беше извршено покривање со оловен лим на сводеста кровна површина на црквата (помеѓу двата тамбури). |
| <u>Одобрени финансиски средства за 1.11</u> | | <u>**1,000,000.00 ден**</u> |

| | | |
|---|---|---|
|    | | |
| **1.12** | <u>**Непосредна заштита:**</u><br>**Конзервација, реставрација, санација и реконструкција на влезната партија на археолошкиот локалитет Тетовско кале Бал Тепе –** *Тетово* (**VII фаза**) | **Работите на непосредна заштита (VI фаза) не се реализирани** поради неуспешно спроведена тендерска постапка. Јавната набавка беше објавена три пати (потенцираме дека при објавувањето на јавните набавки утврдена е исклучително слаба заинтересираност на градежните фирми со „А“ лиценца за учество - единствената понуда имаше поголема сума од одобрените финансиски средства). Од тие причини с<u>редствата од точка 1.12 беа пренаменети за реализација на проект од точка 1.17 –Куќа на Апасиеви во Велес</u>. |
| <u>Одобрени финансиски средства за 1.12</u> | | **800,000.00 ден.** |
| **1.13** | <u>Непосредна заштита</u>:<br>**Конзервација, реставрација, санација и ревитализација на конакот во Лешочкиот манастир „Св.Атанасие“,** с.Лешок- Тетово (VI фаза) | **Работите од VI фаза <u>се завршени</u>** од страна на фирмата Урбан план Конструктион –Тетово**,** *согласно предвидените позиции на источниот дел од конакот:*<br>- Демонтажни работи на: кров (симнување на керамиди и дрвена кровна конструкција); дрвена меѓукатна конструкција од првиот и вториот кат<br>- Изработка на нова дрвена конструкција; поставување на хидроизолација врз подлога од штици и покривач од нови керамиди медитеран;<br>- Поставување на арматура за Q785 за арм. бет. плочи д=14 см кај источниот де лод конакот<br>- Изработка на арм.бет.столбови МБ30 со квадратна основа (40/40цм) на прв и втор кат *С1, С2; С3; С4;С5<br>- Изработка на арм.бет. греди;<br>- Изработка на арм.бет. скали на источен дел од конакот МБ 30;<br>- Изработка на арм бет. купола во параклисот на источниот дел од конакот;<br>- Извршена е реконструкција на влезната партија на конакот.<br>Следната седма фаза треба да опфати извршување на фасадерски работи на двокатниот конак, вклучително изработка и вградување на фасадна столарија (дрвени прозорци и влезни дрвени врати). |
| Одобрени финансиски средства за 1.13 | | <u>**9,000,000.00**</u> |
|     | | |
| **1.14** | **Елаборат за валоризација на споменичката целина „Црквиште“, с. Клечовце,** *Општина Куманово* | Изработката на **Елаборатот за валоризација**, заедно со **Предлог за донесување акт** за прогласување на споменичката целина **Црквиште с. Клечовце** за **значајно културно наследство** е **завршена програмска активност**; Наведената докуемтација (Елаборатот заедно со Предлогот) се доставени во УЗКН на понатамошно административно и |

| | | |
|---|---|---|
| | | управно процесуирање, *односно донесување Решение за прогласување на значајно културно наследство.* |
| Раководител на стручен тим: | | **д.р Сања Ивановска Велкоска**, *археолог, советник конзерватор* |
| Одобрени финансиски средства за 1.14 | | **45,000.00 ден.** |
| **1.15** | **Физичко обезбедување на установата** | Согласно спроведената тендерска постапка избрана е Агенција за физичко обезбедување на установата – административната зграда на НКЦ*; континуирано во текот на 2024 год. фирмата ги извршуваше договорните обврски за 24 часовно физичко обезбедување на националната установа* |
| Одобрени финансиски средства за 1.15 | | **1,680,000.00 ден.** |
| **1.16** | **Координација на работата со останатите стручни установи за заштита на недвижното културно наследство** (конзерваторски центри, Заводи за заштита на спомениците на културата и Музеи, НУ Стоби) | НКЦ Скопје има перманентна е-маил комуникација, писмена кореспонденција, склучени се договори и меморандуми за меѓуинституционална соработка со останатите установи во смисла на: давање стручна помош, истражувачки работи, конзерваторско проектирање, како и вршење др. активности по основ на матичноста.<br>Забелешка: *во текот на извештјниот период не се создадоа услови за одржување на заедничка средба со в.д директорите на останатите установи*. |
| Одобрени финансиски средства за 1.16 | | **16,000.00 ден.** |
| **1.17** | **Изработка на Елаборат за ревалоризација на црквата Св.Богородица,** *с. Дреново, Општина Кавадарци* | Во завршна фаза е изработката на *Елаборатот за ревалоризација* и *Предлогот* за донесување акт за прогласување на црквата „Св. Богородица“, с. Дреново за *значајно културно наследство.* |
| Раководител на стручен тим: | | **м-р Дарко Николовски,** ист. на уметноста, *конзерватор советник* |
| Одобрени финансиски средства за 1.17 | | **35,000.00 ден.** |
| **1.18** | Непосредна заштита:<br>**Конзервација, реставрација и санација на куќа на ул.Вера Циривири Трена бр.21 во Велес** (стара адреса ул. Петар Михов бр.3) **куќа на Апасиеви во Велес** | Непосредно по добивањето на Конзерваторското одобрение од УЗКН, успешно беше спроведена тендерската постапка избрана е фирмата *Еуро Монта од Струмица.*<br>Склучен е двегодишен договор на сума од 3,800.000 ден. (без ДДВ), реализацијата на работите ќе отпочне во 2025 год.<br>***Забелешка****: Со добиена согласност од МК и туризам извршена е пренамена на средствата од следните работи на непосредна заштита: црква Св. Никола, с. Псача (1,300.000 ден.), арх. лок. Балтепе, Тетово (800,000 ден) и од црквата во манастирот Матејче (500,000 ден.) за конкретниот вид на реализација, односно сумите се додадени на првично одобрената сума од 1,200.000 ден.* |
| Раководител на работите: | | **Мирјана Топузоска**, диа, виш конзерватор |
| Одобрени финансиски средства за 1.18 | | **1,200,000.00 ден** |
| Вкупна сума со пренамена на средства од наведените 3 проекти: | | **3,800.000,00 ден** |

| | | |
|---|---|---|
| **1.19** | <br>**Изработка на Заштитно-конзерваторски основи со третман на недвижното културно наследство за потребите на Изработка на Просторен план на Република Северна Македонија.**<br>*Координација со останатите национални установи за заштита на културното наследство/компјутерска обработка и синтеза на сите податоци* | **Изработката на синтезни ЗКО за ППРСМ се во фаза на завршна реализација**, но координативните активности и финалната компјутерска обработка, мапирањето, финалната изработка на синтезните текстови, графичките прилози и комплетирање со други потребни содржински делови од останатите Заводи продолжуваат и во првото тромесечје на наредната 2025 година.<br>Најпрво, во функција на изработка на заштитно-конзерваторските основи пополнети се Табели за недвижните културни добра за сите општини во надлежност на НУ НКЦ – Скопје, поделени во: Инвентар-А (за регистрирани недвижни добра Р НД, ex legge и добра под привремена заштита; Инвентар-Б за незаштитени/ евидентирани недвижни добра (ЕНД) за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.<br>Од страна на два стручни тима од НКЦ во периодот од 17.09-04.10.2024, беа организирани и извршени теренски увиди во состојбата на недвижните културни добра: споменички целини (религиозни комплекси, градски и рурални јадра); археолошки локалитети; поединечни верски објекти (цркви и џамии); профани градби и меморијални споменици територијално лоцирани во повеќе населени места во следните општини: Дебар, Кичево, Кавадарци, Куманово, Старо Нагоричане, Велес, Росоман,Чашка. |
| Раководител: | | **м-р Цветанка Хаџи Пецова**, диа, *советник конзерватор* |
| Одобрени финансиски средства за 1.1.9 | | **1,000,000.00 ден** |
|       | | |
| **1.20** | Непосредна заштита:<br>**Конзерваторско - реставраторски работи на Спомен костурницата на паднатите борци од НОВ во Куманово** (II-фаза) | **Работите на непосредна заштита на Спомен костурницата од втората фаза се завршени,** согласно висината на одобрените средства.<br>Работите беа *реализирани од страна на фирмата Баџак Инжинеринг- Скопје.*<br>По извршената монтажа на конструктивната мрежа на целата партерна површина од централното плато се изработи нова бетонска плоча (просечна дебелина д = 10 см.), со МБ 30. Како завршна интервенција на централното плато од споменикот се изврши вградување на венецијански терацо плочки со глазирана обработка (30х30х3см), поставени врз градежно лепило, а со претходно нивелирање на арм. бетонска плоча. Со завршување на работите од Втората фаза не се обезбеди целосна реализација на позициите предвидени во проектната предмер пресметка. |
| Раководител на непосредна заштита: | | **Ристо Петковски**, диа, конзерватор советник, *раководител*<br>**Мирјана Топузовска**, *диа, виш конзерватор, заменик* |
| Одобрени финансиски средства за 1.20 | | **2,500,000.00 ден.** |

| | | |
|---|---|---|
| Фото документација | |    |
| **1.21** | <u>Непосредна заштита:</u> **Конзервација, реставрација, санација и ревитализација на конакот во Лешочкиот манастир Св.Атанасие, с.Лешок -Тетово** (продолжување на петтата фаза од 2023) | **<u>Петтата фаза е комплетно завршена</u>** *(работите беа изведувани од страна на фирмата Урбан план конструктион од Тетово* |
| Одобрени финансиски средства за 1.21 | | **918,373.00 ден.** |
| Фотодокументација | |    |
| **1.22** | Изработка на ЗКО во надлежност на НУ Национален конзерваторски центар - Скопје (според член 71 став 4 од Законот за заштита на културното наследство) | **Во извештајниот период не се изработени ЗКО за потребите на ГУП; ДУП; УПС** <u>Образложение</u>*: во текот на извештајниот период за 2024 г. од страна на општините кои се под територијална надлежност на НКЦ нема доставено ниту едно барање за изработка на ЗКО за потребите на урбанистичка планска документација (*без дефинирани граници на плански опфат не може да се изработи ЗКО за третман на недвижното културно наследство) |
| Одобрени финансиски средства за 1.22 | | **100,000.00 ден.** |

| | | |
|---|---|---|
| **<u>ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО АНЕКС ДОГОВОР ПРОГРАМА 58</u>** | | |
| **1.23** | **Изработка на конзерваторски проект** за конзервација и реставрација на **дваесетте (20) икони илегално изнесени во Р. Албанија и вратени во Република Северна Македонија** | **Конзерваторскиот проект е финално изработен и комплетиран со потребните содржински делови**, истиот е доставен до УЗКН, формирана е Комисија за вршење стручна; доставен е позитивен извештај со кој комисијата го прифаќа проектот и препорачува негова реализација. |
| Раководител на проект: | | **м-р Дарко Николовски,** ист. на уметноста, конзерватор советник |
| Одобрени финансиски средства за 1.23 | | **211,600.00 ден.** |
|  | |  |
| **Непосредна заштита на дваесетте** | | |

| | |
|---|---|
| **(20) икони:** | Врз основа на издаденото Конзерваторско одобрение (УП бр. 09-896 од 22.10.2024г) за реализација на конзерваторско-реставраторските интервенции и по добивање на Решението од УЗКН за движење на иконите од НУ Музеј на Македонија до конзерваторската лабораторија во НКЦ, ќе бидат завршени потребните законски процедури за непречено отпочнување со заштитните интервенции на 20 –те икони. Непосредната заштита ќе се извршува во тековната 2025г, а иконите се значајни од аспект што претставуваат иконографски дела кои по пат на реституција се вратени во нашата држава. |
| Раководител на непосредна заштита: | **м-р Невенка Величковска**, сликар, советник конзерватор |
| | |

| | | |
|---|---|---|
| **ПРОГРАМА 54 ПРОЕКТ (ИПА Компонента 1)<br>Финансиран од Министерство за култура<br>Инструмент за предпристапна помош ИПА** | | |
| **Конзервација и реставрација на ѕидното сликарство во црквата Св. Ѓорѓи- с. Старо Нагоричане,** со средства од Буџетот на Министерството за култура, согласно **Анекс на Договор:** Миистерство за култура на Р.С.Македонија (бр. 37 - 2234/1 од 23.02.2022г.) и НУ НКЦ - Скопје (бр.01-18/2 од 04.03.2022г.) | Интервенциите во црквата беа реализирани во периодот од ноември до декември 2024 г. и истите во најголем обем опфатија подготвителни – пред конзерваторски активности на ѕидното сликарство и тоа од следниот вид:<br>- монтажа на двокатно скеле во нартексот на црквата за непречен пристап/работа на сводестата површина и ѕидните површини;<br>- отстранување на стари и деградирани малтери по механички пат,<br>- суво отстранување на нечистотии и пајажини од боениот слој | |
| Раководител на непосредна заштита | **м-р Владо Муковски,** сликар, конзерватор советник | |
| Одобрени финансиски средства | | **1,300,000.00 ден** |







## II. ТЕКОВНИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Покрај организационите и подготвителни активности на стручните тимови за отпочнување и непречена реализација на програмските активности од Годишната програма за работа за 2024 год., стручните лица во НУ НКЦ- Скопје (со изборни стручни звања: виш конзерватор и советник), имаат и дополнителни ангажмани и работни задачи од следниот вид:
- *вршење на конзерваторски и археолошки надзор,*
- *учество во комисии за вршење стручна контрола на конзерваторски проекти (изработени од останатите стручни установи за заштита на недвижното културно наследство и др. правни лица),*
- *вршење на хемиски анализи во хемиската лабораторија;*
- *учество во работни комисии за прием на изведени работи (формирани од УЗКН),*
- *теренски увиди за давање стручни мислења по различен основ: за потребите на изградба на инфраструктурни проекти, легализација на бесправно изградени објекти, поднесени од разни правни субјекти и физички лица, како и иматели/ корисници на културни добра;*
- *археолошки истражувања (вршење на рекогносцирање, археолошки надзор и заштитни археолошки истраувања за потребите на реализација на инфраструктурни проекти)*

### 1. НЕПЛАНИРАНИ УВИДИ ВО ПОСТОЕЧКА СОСТОЈБА

1.1 <u>*Увид во постојната физичка состојба на заштитени недвижни добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство*</u>

- Со Решение за формирање на стручен тим со бр. 08-21/4 од 30.01.2024 год. извршен е увид во постојната состојба на археолошки локалитет ***Костоперска карпа*** на КП 3147 (поранешен дел од КП 3906) КО Младо Нагоричане, Општина Старо Нагоричане, изготвен е Извештај од извршениот увид;

- Врз основа на издадено Решение бр. 08-57/2 од 07.02.2024 год., извршен е увид во постојната состојба на зачуваност на **објект/дуќан на ул. Питу Гули со КП 575**, во рамките на *Старата Кратовска чаршија во Кратово*, изработен е Извештај;

- Врз основа на Барање од правно лице ЕСМ –Тетово, за реализација на **Проект за поставување на среднонапонски кабел во близина на Камениот мост на река Пена во Тетово**, формиран е стручен тим со Решение бр. 08-119/1 од 05.03.2024 год. за вршење увид во постојната состојба на заштитеното недвижно добро и изработено е Мислење;

- Врз основа на Барање од страна на МПЦ-ОА Кумановско-осоговска епархија, извршен е увид во актуелната состојба на зачуваност на заштитеното недвижно добро - **Црковен комплекс Св. Никола во Куманово**, од страна на стручен тим формиран со Решение бр. 08-161/2 од 04.04.2024 год., изработен е Извештај за актуелната состојба на зачуваност со фокус на деградацијата на периметралните оградни ѕидови на црковниот комплекс и објектот - Стара крстилница;

- По барање на УЗКН формиран е стручен тим за вршење увид во постојната состојба на просторот каде што е изградена црквата **Св. Димитриј, с. Ткрање**, Општина Кочани и во нејзината непосредна околина;

- Согласно Барањето од *Министерството за Култура и туризам* се изврши вонреден увид во постојната состојба на заштитеното недвижно добро - **Стар амам** во **Тетово**, **НУ Уметничка галерија - Тетово**, со цел да се утврдат настанатите штети предизвикани од временска непогода-поплава (23.06.2024год.). Изготвен е **Извештај** за констатираната/фактичка состојба на доброто по завршувањето на опасноста од поплавата, дадени се предлог мерки од приоритетен карактер (екстериер/ентериер, двор) со прелиминарна пресметка за итни интервенции и низа од др. потребни заштитни мерки како втора фаза.

- Извршен е увид во состојбата на **семејна куќа во Кратово** на ул. **Христијан Тодоровски Карпош бр. 3 во Кратово** и изработено е Мислење;

- Извршен е увид во постоечката состојба на заштитено добро – **иконостас во црквата Св. Ахил Лариски**, с. Требиште, о. Маврово и Ростуше, поднесен е Извештај;

- Од страна на Стручен тим формиран со Решение бр. 08-293/2 од 22.08.2024 год изработено е Мислење за определување на <u>заштитно-конзерваторски услови</u> (ЗКУ) за спроведување на конзерваторско-реставраторски интервенции и мерки на санација на **„Меморијален Музеј на ЦК на КПМ“ во Тетово**, на КП 12233, КО Тетово, Општина Тетово;

- Врз основа на Барање од страна на Управата за заштита на културно наследство за определување на <u>заштитно-конзерваторски услови</u> (ЗКУ) за **обнова на оградниот ѕид на Црковниот комплекс Св. Никола во Куманово**, формиран е Стручен тим, кој по извршениот увид и преглед на постојната и доставена документација, изработи и достави Мислење за определување ЗКУ;

- Врз основа на Барање од Министерството за култура и туризам, формиран е стручен тим со Решение бр. 08-319/2 од 23.08.2024 год., со задача да изврши увид во постојната состојба на зачуваност на **Куќата на Петко Деспотовски во село Јанче**, општина *Маврово и Ростуше* и утврди дали се настанати дополнителни деградации и промени на објектот во периодот после изработката на проектот. Изработен е Извештај во кој се дадени потребните информации за

актуелната состојба на зачуваност на конструктивните и архитектонски делови/елементи на куќата (фото 1);





1 2 3

Врз основа на Барање, формиран е Стручен тим со Решение број 08-348/2 од 23.09.2024 год., со задача да изврши теренски увид во постојна состојба на **манастирската црква Св. Архангел Михаил** во истоимениот манастирски комплекс **Св. Архангел Михаил** во **Берово** и го утврди видот на актуелните оштетувања на манастирската црква (фото 2; 3);

- Согласно доставено Барање од страна на имател на заштитено културно добро, извршен е увид во постојната состојба на **Куќата на фамилијата Гиноски**, која влегува во состав на **руралната целина село Галичник**, *Општина Маврово и Ростуше*; Изготвен и доставен е Извештај во кој се идентификувани видот и обемот на актуелните оштетувања, со дадени предлог мерки за понатамошни активности и постапувања на имателот.



- Извршен е увид во постојната состојба на црквите **„Св. Илија“, с. Раотинце** и црквата **„Св. Богородица“, с. Беловиште**, општина Јегуновце, доставен е Извештај од извршените увиди;
- Увид во состојбата на археолошкиот локалитет **Костоперска карпа /Жегликовски камен**, општина Старо Нагоричане; доставен е Извештај со дадено стручно мислење;
- Извршен е теренски увид на подрачјето на кое се наоѓа евидентирано недвижно добро – археолошки локалитет **„Градиште”, КО Марена, Општина Кавадарци** (по барање од Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност, Единица за сериозен криминал и кривични дела против културно наследство); По извршениот увид на предметната локација, изготвен и доставен е Извештај од стручниот тим (Решение бр.08-336/3 од 13.09 2024);
- Врз основа на Барање за задолжување со итно постапување – вршење стручен увид на **КП 1296 КО Ресава, Општина Кавадарци**, формиран е стручен тим (Решение бр. 08-410/2 од 05.11.2024 год.), кој по извршениот теренски увид изработи и достави стручно мислење.

<u>*1.2 Увиди во граници на урбанистички/плански опфати*</u> (инфраструктурни проекти, фотоволтаици, хидросистеми, легализација и др.)

Во однос на точката 1.2 и 1.2.1 извршени се вкупно шеесет и шест (66) теренски увиди:

- Со Решение за формирање на стручен тим со бр. 08-78/2 од 20.02.2024 год. извршен е увид во границите на проектниот опфат за изработка на проектна документација за *Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаична електрана над 10 MW, на дел од КП 3099/1,* КО Неготино, Општина Неготино, изработен е Извештај и дадено е стручно за реализација на наведениот урбанистички план;

- Со Решение бр. 08-94/2 од 29.02.2024 год. формиран е стручен тим за вршење увид и давање стручно мислење за постапка за доделување *на концесија за експлоатација на минерални суровини – варовник, на локалитетот „Градиште*“, с. Горна Бањица, Општина Гостивар, изготвен е Извештај од извршениот теренски увид;

- Со Решение бр. 08-99/2 од 29.02.2024 год. формиран е стручен тим за доставување мислење за постапка - давање *концесија на геолошки истражувања на кварц на локалитет Козјак 2,* општина Чашка, извршен е теренски увид и дадено е Мислење;

- Со издадено Решение за формирање на стручен тим, бр. 08-98/2 од 29.02.2024 год., извршен е увид во *границите на планскиот опфат за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Бела Вода*“, Општина Берово, од страна на стручниот тим изготвен е Извештај во кој е дадено мислење;

- Со Решение бр. 08-116/2 од 05.03.2024 год. формиран е стручен тим за вршење увид во граници на проектниот опфат за потребите на изработка проектна документација за *Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за подземни кабелски вод (10/20 KW) извод трафостаница на КП 5506 КО Смојмирово до КП 132, КО Смојмирово вон град,* Општина Берово, од страна на стручниот тим изготвен е Извештај во кој е дадено мислење;

- Донесено е Решение бр.8-128/2 од 18.03.2024 год. Врз основа на кое е извршен е увид во подрачјето на плански опфат за изработка на *Урбанистички план за село Сараќино, КО Сараќино*, Општина Тетово, изработен е Извештај;

- Со Решение за формирање на стручен тим и давање мислење (бр. 08-124/2 од 18.03.2024 год.), извршен е увид во границите на планскиот опфат за потребите на изработка на *Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија – 10 (20) КВ среднонапонски подземен електричен вод од ТЦ „Велес 2“ до ТЦ на површински соларни и фотоволтаични електрани КО Велес, КО Кумарино, КО Чалошево, КО Сојаклари*, Општина Велес, од страна на стручниот тим доставен е Извештај;

- Формиран е стручен тим со Решение бр. 08-131/2 од 20.03.2024 год. за вршење увид, документирање на подрачјето на опфат и давање мислење за потребите на изработка на *Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13- електроцентрала со капацитет до 1 MW на КП 727/3 и КП 727/5 КО Брвеница – вон град*, Општина Брвеница, изработен е Извештај од извршениот теренски увид;

- Решение бр. 08-115/2 од 25.03.2024 год., извршен е увид на *локацијата за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини-варовник на локалитетот „Караташ“ село Горна Бањица*, општина Гостивар, од страна на стручниот тим изработен е Извештај и дадено е стручно мислење;

- Формиран е стручен тим со Решение бр. 08-141/2 од 27.03.2024 год. за вршење увид во границите на планскиот опфат на *Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктура – Канализационен колектор и уредување (регулација) на речно корито на дел КП 1412/1, дел од КП 1415/1, дел од КП 1413/1, дел од КП 828/2, дел од 828/3 и дел од КП 826/2 КО Кратово*, Општина Кратово, изработен е Извештај во кој е дадено стручно мислење;

- Формиран е стручен тим со Решение бр. 08-152/2 од 01.04.2024 год. за вршење увид во опфат за изработка на *Урбанистички план за подземен кабелски вод 35KV траса со почеток од КП 204/1 Ко Бучиште, Општина Пробиштип*, до *трафостаница на КП 1/2 Бучиште*, Општина Пробиштип, изработен е Извештај и дадено е стручно мислење;

- Врз основа на Барање, формиран е стручен тим со Решение бр. 08-157/2 од 01.04.2024 год. за вршење увид во граници на опфат за изработка на *Урбанистички план за подрачје и градби од државно значење за градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 100 MW, Ко Дуброво*, Општина Неготино, изработен е Извештај и дадено е стручно мислење;

- Врз основа на Барање формиран е стручен тим со Решение бр. 08-153/2 од 01.04.2024 год., извршен е увид во границите на *Урбанистички проект за село Старо Нагоричане* за *формирање на градежна парцела на КП 253 и КП 254 КО Старо Нагоричане, за изградба на објекти со намена Д3 – теренски градби за спорт и рекреација – Општина Старо Нагоричане* (согласно Општ акт за село Старо Нагоричане, бр. 08-1025/14 од 22.09.2016 год.), дадено е Мислење за наведениот проектен опфат;

- Со Решение бр. 08-163/2 од 15.04.2024 год. формиран е стручен тим за вршење увид и давање стручно мислење за потребите на изработка *на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на разделна и делнична дистрибутивна мрежа од хидромелиоративен систем „Равен-Речица“*, општина Гостивар, изготвен е Извештај;

- Врз основа на Барање, формиран е стручен тим со Решение бр. 08-181/2 од 17.04.2024 год. за вршење увид во границите на *Урбанистички проект вон опфат на урбанинстички план од државно значење за формирање на градежна парцела за изградба на градби за производство на експлозивни производи и муниција „САМОКОВ“* Општина Македонски Брод, изработен е Извештај и дадено е Мислење;

- Врз основа на Барање од *НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби,* формиран е стручен тим со Решение бр. 08-190/2 од 22.04.2024 год. за повторно вршење на стручен увид во врска со изведување на земјоделски работи на КП 879/3 КО Градско, Општина Градско, доставен е Извештај;

- Со Решение за формирање стручен тим, бр. 08-163/6 од 15.05.2024 год. извршен е увид во граници на плански опфат за *изготвување на разделни и делнична дистрибутивна мрежа од хидромелиоративен систем „Равен-Речица, Општина Гостивар,* изготвен е Извештај;

- Формиран е Стручен тим за давање податоци и мислење за постоење на недвижно културно наследство во граници на опфатат за изработка на *Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод, Делница: Св. Николе - Велес, општина Св. Николе општина Лозово и општина Велес,* изготвен е Извештај;

- Врз основа на Барање донесено е Решение бр. 08-228/2 од 03.06.2024 год за формирање стручен тим за вршење увид и давање стручно мислење за изработка на *Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП1 на КП 159 и дел од КП 1798/2, КО Балин Дол со намена Б5-верски институции Б5.4-манастири*, Општина Гостивар, изготвен е Извештај;

- Извршен е теренски увид во граници на подрачјето на опфат за изработка на *Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 33 kV далновод од локација на ТС 110/35 кV на КП 414, КП 415, КО Прждево до локација на ТС во ФЕЦ Бистренци, во КО Прждево, КО Бистренци, Ко Тремник,* Општина Демир Капија, согласно издадено решение бр. 08–233/2 од 11.06.2024 год; изготвен е Извештај во кој е дадено стручно мислење;

- Од страна на стручен тим (формиран со Решение бр. 08-230/2 од 14.06.2024 год.), извршен е увид во границите на опфат за изработка на *Урбанистички план за намена Е1.8-водови за пренос на електрична енергија, новопланирани 10 (20) Кv подземен кабелски вод од дел од КП 4292 КО Куманово, КП 35 КО Доброшане вон град до КП 24013/1,* КО Куманово, изработен е Извештај во кој е дадено стручно мислење;

- Извршен е увид од стручен тим (формиран со Решение бр. 08-229/2 од 17.06.2024 год.), на подрачјето на опфат за изработка на *Урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 5961, КП 5964, КП 6623 и дел од КП 5457, КО Петралица,* Општина Ранковце и изработен е Извештај;

- По барање на ДУТП АКВА – ИНГ ДОО Штип, од страна на стручен тим извршен е увид за потребите на изработка на *Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 5961, КП 5964, КП 6623 и дел од КП 5457, КО Петралица,* Општина Ранковце; изготвен е Извештај од теренскиот увид;

- Врз основа на Барање формиран е стручен тим со Решение бр. 08-245/2 од 24.06.2024 год, за вршење увид во границите на планскиот опфат за изработка на *Урбанистички план за подрачје и градби од државно значење, за производство на енергија си намена Е1.13-површински и соларни фото волтаични електрани во м.в. Среден Рид, КО Прждево,* Општина Демир Капија, изработен е Извештај;

- Вршење на стручни теренски увиди по должина на трасата за изградба на Коридор 8, која опфаќа делница на Автопат: Гостивар-Букојчани,Општина Гостивар и Општина Кичево, како и делница на Автопат: Тетово-Гостивар,Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница,Општина Врапчиште и Општина Гостивар; Изработени и доставувани се извештаи од извршените увиди;

- Со Решение бр. 08-253/2 од 15.07.2024г. формиран е стручен тим за вршење увид за постоење на културно наследство за изработка на Урбанистички план за вон населено место – рекреативна и викенд зона Моклиште КО Ваташа, општина Кавадарци; Изготвен и доставен е Извештај со мислење за понатамошно постапување;

- Врз основа на доставено Барање од ДПУП ПОЛОГПРОЕКТ- Доо Гостивар за давање Мислење за постоење културно наследство за потребите на изработка Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП-1 на КП 159 и дел од КП1798/2 КО Балин Дол со намена Б5 – верски институции/В5.4 – манастир, Општина Гостивар; формиран е Стручен тим со Решение бр. 08-228/5 на 14. 08. 2024год.; Врз основа на извршениот теренски увид на предметната локација, стручниот тим изработи и достави Извештај во кој е дадено стручно мислење за предметниот проектен опфат.

- Врз основа на Барање од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови „Куманово План“ за доставување подоатоци и информации за постоење на заштитени недвижни или добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство во рамките на планскиот опфат на Детален урбанистички план за дел од УЕ „Панче Пешев“, дел од УБ „42“, Плански опфат помеѓу: ул. „Октомвриска Револуција“, крак на ул. „Октомвриска Револуција“, ул. „Питу Гули“, ул. „29-ти Ноември“, ул. „Димитар Влахов“ и ул. „Пионерска“ - Општина Куманово, извршен е теренски увид од страна на стручен тим формиран со Решение бр. 08-294/2 од 14.08.2024 год.; изработено е Мислење за предметното барање и истото е доставено до барателот;

- Извршен е увид за потребите на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 33 кВ далновод, од локација на ТЦ 110/35 кВ на КП бр.414 КП бр.415, КО Прждево до ФЕЦ Прждево, КО Тремник, КО Прждево, општина Демир Капија; од страна стурчниот тим изработен и доставен е Извештај.

- Врз основа на Барање мислење за изработка на УП вон опфат за изградба на 10/20 Кв електричен кабелски вод за поврзување на фотонапонски панели на Љубаш 1, Љубаш 2, Љубаш 3 до трафостаница на КП 10862/1 КО Кавадарци, општина Кавадарци, стручниот тим формиран со Решение бр. 08-343/2 од 13.09.2024г. изврши непосреден увид во границите на планскиот опфат, при што изработеи и достави Извештај:

- Од страна на Стручен тим формиран со Решение бр. 08-345/2 од 16.09.2024 год. извршен е увид за постоење на културно наследство во границите на плански опфат за потребите на изработка на *ДУП за блок 11, Општина Дебар*; Изготвен и доставен е Извештај со мислење за понатамошно постапување;

- Врз основа на Барање за вршење на увид за постоење на недвижни добра во границите на опфат, за потребите на изработка на *Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање градежна парцела КП 565 КО Велебрдо,* Општина Маврово и Ростуше, со намена А4-7-традиционални куќи за потребите на туризмот (селски, планински, езерски); извршен е теренски увид и изработен е Извештај од страна на стручниот тим, определен со Решение бр. 08-329/2 од 16.09.2024 год.;

- Дадено е Стручно мислење за постоење на недвижно културно наследство во границите на планскиот опфат на *Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на*

*Е1.8 подземен електричен вод, Е1.9 Базна станица и Е1.8 Трафостаница*, КО Клечовце, Општина Куманово, по Барање на БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје (согласно Решение бр. 0801-217/24 од 24.09.2024);

- Врз основа на Решение бр.08-359/2 од 27.09.2024 г. извршен е увид во плански опфат *УП вон опфат за градби со намена Г1-производство на енергија на дел од КП 55/*1 КО Згрополци, Општина Градско; изработен и доставен е Извештај;
- Врз основа на Барање, формиран е стручен тим за вршење увид во плански опфат за изработка на *Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на систем за водоснабдување на село Лупиште*, Општина Македонски Брод; согласно извршениот увид на предметното подрачје и увидот во релевантната документација, изработен и доставен е Извештај;
- Врз основа на Барање, формиран е Стручен тим (Решение број 08-397/2 од 19.11.2024), со задача за вршење увид и давање мислење за постоење на културно наследство за потребите на изработка на *Основен проект за поставување на оптички кабел на подрачје на Општина Крива Паланка, ул. Св. Јоаким Осоговски I дел*; По извршениот увид и консултирање на постојната документација, изработен и доставен е Извештај;
- Согласно издаденото Решение со бр. 08-365/2 од 04.10.2024 г., стручниот тим изврши увид во граници на плански опфат за Проект за изградба на фекална канализација со пред третман на отпадни води во *с.Горно Врановци*, Општина Чашка; изработен и доставен е Извештај;
- Врз основа на Барање на мислење за постоење на културно наследство за изработка на *Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела на дел од КП бр. 1819/1 и дел од КП бр. 1812/1 од Блок 15 од УПС Градец - КО Градец, с. Градец,* Општина Врапчиште, со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, со Решение бр. 08-385/2 од 04.11.2024 год. формиран е Стручен тим за вршење увид и давање стручно мислење; изработен и доставен е Извештај за предметните парцели;
- Извршен е теренски увид во границите на планскиот опфат за потребите на изработка на *Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела на дел од КП 9/1 и КП 10/1 КО Сенокос* со намена А1 - домување во куќи, Општина Врапчиште; изготвен и доставен е Извештај;
- Од страна на стручен тим (формиран со Решение бр. 08-408/2 од 05.11.2024г.), извршен е теренски увид и дадено е мислење за определување на точна местоположба на два археолошки локалитети *Кралица и Кула Здравичии Камен* во с. Шопско Рударе, општина Кратово;
- Стручен тим формиран со Решение со бр. 08-407/2 од 05.11.2024 г. изврши теренски увид за определување на точна местоположба на археолошкиот локалитет *Чукарче* с. Вакуф, о.Кратово; изготвен е извештај во кој е дадено мислење за конкретниот вид на барање;
- Вршење на стручен увид во границите на проектниот опфат за изработка на *Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела на КП 1370 КО, Голема Речица* – вон град, со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, Општина Тетово, по Барање податоци и информации од страна на ДПУП Полог проект – ПРО ДОО Гостивар, со бр. 0307-сл./24 од 09.10.2024 година, Решение за формирање на стручен тим со бр. 08-386/2 од 05.11.2024 година;
- Раководител на стручен тим на вршење на стручен увид во границите на проектниот опфат за изработка на *Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела на КП 7175/4 и КП 7176/4 во Тетово* ВГР со намена Б2 – големи единици за трговија (над 200 м2 и/или повеќе од П+кат 1), Општина Тетово, по Барање на ДПУП Полог проект – ПРО ДОО Гостивар, со бр. 0307-21/02 од 17.10.2024 година, Решение за формирање на стручен тим со бр. 08-400/2 од 06.11.2024 година;
- Извршен е теренски увид за потребите на изрбаотка *Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за изградба на кабелски вод од ТЦ на ФЕ Марена 1 и ТЦ на Марена 2* до

постоечка 110/20/10 ТЦ Кавадарци 2, КО Марена, КО Глишиќ, КО Кавадарци, КО Кавадарци - вгр, Општина Кавадарци; Согласно извршениот увид изготвен и доставен е Извештај;

- Дадено е Стручно мислење за постоење на недвижно културно наследство во границите на планскиот опфат на техничко решение за електрично поврзување на *прибранска хидроцентрала ХЕЦ Б на брана Кнежево со приклучна точка на постоечкиот електро-дистрибутивен систем,* дефинирана од ЕВН Македонија, како составен дел на повеќе наменскиот проект ХС Злетовица, Пробиштип, по Барање на ЈП ХС Злетовица со бр. 03-625/1 од 12.11.2024 година;

- Со Решение бр. 08-426/2 од 25.11.2024г. формиран е стручен тим со задача да изврши увид во границите на проектен опфат за изработка на *Основен проект за поставување на оптичка кабелска комуникациска мрежа на подрачје на ул. Гоце Делчев во о.Куманово*; Изготвен и доставен е Извештај за предметниот проектен опфат;

- Извршен е увид во границите на подрачјето на опфат на *Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површинска фотоволтаична електрана* на КП 1390, 1391, 1392, 1393, 1394, 1395, 1398, 1399, 1400, 1405, 1408, 1410, 1411, 1412, 1413, 1417, 1420, 1424 и 1425, КО Очипала Општина Делчево; Врз основа на извршениот увид во фактичката состојба на терен, изготвен и доставен е Извештај;

- Извршен е увид и дадено е Мислење за потребите на изработка на *Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план со намена Б5.1 – градби за одгледување на животни-штали за говеда на КП 528/16 и КП 528/17, КО Желино* вон град, о. Желино (Стручен тим формиран со Решение бр. 08-458/2 од 12.12.2024г.);

- Врз основа на Решение со бр. 08-456/2 од 17.12.2024г. извршен се стручен увид во *граници на плански опфат за УП вон опфат со намена А4.7-Куќи за потребите на селски туризам на КП 39 и КП 40/1 КО Лешок,* Општина Теарце; изработен и доставен е Извештај;

- Врз основа на издадено Решение бр. 08-480/2 од 24.12.2024., извршен е стручен увид во граници на плански опфат за *УП вон опфат Инфраструктура-систем за водоснабдување за индустриски парк ИГМ Неготино*, Општина Неготино; изработен е Извештај со дадено стручно мислење;

- Согласно Решение бр. 08-464/2 од 25.12.2024 год., од страна на стручен тим дадено е *Мислење за изработка на Основен проект за реконструкција на ул. Партизанска*, Општина Неготино;

#### *1.2.1 <u>Увиди во бесправно изградени објекти (за легализација)</u>*

Извршени се следните увиди:

- Врз основа на Барање од *Управата за заштита на културното наследство*, формиран е Стручен тим (Решение, бр. 08-81/2 на 20.02.2024 г.), за вршење теренски увид, документирање на фактичката состојба и доставување податоци за утврдување статус на *бесправно изграден објект за електронска комуникациска мрежа и средство (базна станица), БТС Карабичане на КП 183 со ИЛ74 КО Карабичане* - Куманово;

- Врз основа на барање формиран е стручен тим (Решение бр. 08-187/2 20.02.2024), за вршење непосреден увид во постоечката состојба за утврдување правен статус *на бесправно изграден објект за АД Електрани на РС Македонија во државна сопственост за објект резервоар на КП 910, КП 939/1 КО Возарци,* Општина Кавадарци, изготвен е Извештај и дадено е мислење;
- Врз основа на Барање од УЗКН, формиран е стручен тим (со Решение бр. 08-85/2 од 20.02.2024 год.), за вршење теренски увид со цел *утврдување статус на бесправно изграден објект на КП 8906/1 КО Тетов*о (во непосредна близина на *Арабати баба теќе*), изработен е Извештај;

- Врз основа на доставено Барање од Македонски Телеком АД Скопје, формиран е стручен тим (Решение бр. 08-135/2 од 22.03.2024 год.), за вршење увид во состојба на објект кој е во постапка за утврдување *правен статус на бесправно изграден објект – електронска комуникациска мрежа и средство (базна станица), изградена на КП 2061 со ИЛ 6613* КО Тетово; изготвен е Извештај;

- Со Решение (бр. 08-136/2 од 22.03.2024 год.), формиран е стручен тим за вршење увид на објект кој е во постапка за утврдување на *правен статус на бесправно изграден објект – електронска комуникациска мрежа и средство (базна станица), изградена на КП 8607 со ИЛ 7241* КО Тетово, по барање на *Македонски Телеком* АД Скопје, изготвен е Извештај;

- Врз основа на Барање од УЗКН, формиран е стручен тим со Решение бр. 08-134/2 од 22.03.2024 год., за вршење увид за *утврдување на статус на бесправно изграден објект на КП 2196/2 со ИЛ 13109 КО Велес*, изработен е Извештај;

- Врз основа на Барање доставено од страна на правно лице *АД Пивара* Скопје, формиран е стручен тим со Решение бр. 08-154/2 од 02.04.2024 год. за вршење увид и давање стручно мислење за *утврдување на правен статус на бесправно изграден објект–за инфраструктурален објект: секундарна инфраструктура на КП 16886, КО Велес* – Општина Велес, доставен е Извештај од тимот;

- По барање на правно лице - *Македонски Телеком* АД Скопје, формиран е стручен тим со Решение бр. 08-151/2 од 02.04.2024 год. за вршење на увид и давање стручно мислење за постапка за *утврдување на правен статус на бесправно изграден објект – електронска комуникациска мрежа и средство (базна станица), изградена на КП 1856/2 со ИЛ 9711* КО Велес, изготвен е Извештај од извршениот увид;

- Врз основа на Барање од УЗКН за утврдување *на правен статус на бесправно изграден објект за доградба на индивидуална станбена зграда, помошни објекти и гаража на КП 494/1 во Кратово* извршен е увид во постојната состојба од страна на стручен тим, формиран со Решение бр. 08-169/2 од 04.04.2024 год., изготвен е Извештај;
- Врз основа на Барање од УЗКН, формиран е стручен тим (решение бр. 08 – 186/2 од 22.04.2024) за вршење увид за *утврдување на статус на бесправно изграден објект за електронска комуникациска мрежа и средство (базна станица) на КП 18520/2 со ИЛ 70027 КО Куманово, лок: 42° 8'5.72"N 21°43'15.51"E,* изготвен е Извештај;

- Врз основа на Барање за утврдување на *статус на бесправно изграден објект за електронска комуникациска мрежа и средство (базна станица) на КП 2916/2 со ИЛ 39087 КО Тетово,* извршен е увид во постојната состојба и изработено е Мислење од стручен тим (формиран со Решение бр. 08-188/2 од 26.04.2024 год.);
- Врз основа на Барање од УЗКН, формиран е стручен тим со Решение бр. 08-187/2 од 26.04.2024 год. за утврдување на *статус на бесправно изграден објект за електронска комуникациска мрежа и средство (базна станица) на КП 4466/2 со ИЛ 102499 КО Тетово,* извршен е увид и документирање на постојната состојба, изработено е Мислење;
- Врз основа на Барање за утврдување правен статус на бесправно *изграден објект за доградба на индивидуална станбена зграда и помошни објекти на ул. Црн Врх, КП* 1148 и КП 1149, КО Кратово, извршен е увид во постојната состоба и изработено е Мислење од страна на стручен тим формиран со Решение бр. 08-252/2 од 01.07.2024 година;

- За утврдување статус за бесправно изграден објект за *АД Електрани на РСМ за објект опточен тунел, КО Тиквешко езеро,* формиран е Стручен тим (Решение бр. 08-260/3 од 29.10.2024), кој изврши теренски увид на предметната локација; Изготвен и доставен е Извештај со стручно мислење.

## 2. ИЗДАВАЊЕ НА КОНЗЕРВАТОРСКО МИСЛЕЊЕ

Националниот конзерваторски центар - Скопје , согласно неговата територијална надлежност издава *Конзерваторско мислење* за објекти кои се наоѓаат во *граници на контактна зона на заштитено недвижно добро, в*рз основа на член 75-б (став 1) од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18).

- Со Решение (бр. 18-180/2 од 22.04.2024), формиран е стручен тим за издавање **Конзерваторско мислење за објект кој се наоѓа во границите на контакна зона на заштитено добро - НУ Центар за Култура „Кочо Рацин“ во Кичево** (КП 2175, КО Кичево 6); издадено е *Конзерваторско мислење за реализација на мурал на надворешен ѕид од наведениот објект;*
- Со решение (бр. 08-231/2 од 04.06.2024 г.), формиран е стручен тим за издавање Конзерваторско мислење врз основа на доставен **Елаборат за поставување урбана опрема на локација Мегалитска опсерваторија Кокино, КО Кокино**;
- На подносителот на Барањето - *Заменик градоначалник на Општина Старо Нагоричане,* со седиште во с. Старо Нагоричане, б.б, 1300, општина Старо Нагоричане му издаде **позитивно Конзерваторско мислење** за **реконструкција на локален пат до меморијален споменик Зебрњак**, КП 10055, КО Младо Нагоричане, Општина Старо Нагоричане, евидентиран на Имотен лист бр. 6426, **лоциран во контактната зона** на поединечното заштитено недвижно добро **Спомен костурница Зебрњак**, согласно доставена проектна документација:
  - *Основен проект за реконструкција на Локален пат до меморијален споменик Зебрњак, Општина Старо Нагоричане 0+000,00-0+540,00 раскрсница спој со локален пат и спореден пат до паркинг на меморијален споменик Зебрњак 0+000,00-0+018,83, изработен од Евро Декор Д.О.О Скопје (техн. бр. 01-07/2024 од јули 2024).*
- На подносителот *Заменик градоначалник на Општина Старо Нагоричане со седиште во с. Старо Нагоричане, бб, 1300 Старо Нагоричане***,** од страна на НУ НКЦ Скопје издадено е **позитивно Конзерваторско мислење** за преземање мерки на **реконструкција на деловен простор во с. Старо Нагоричане бб (КП 3875, КП 3876 и КП 3877 во КО Старо Нагоричане**), евидентиран на Имотен лист бр. 164, лоциран во контактната зона на споменичка целина: **Контактна зона** 2 на заштитеното недвижно добро – **црковен комплекс Св. Ѓорги – Старо Нагоричане**, согласно доставена проектна документација:
  - *Основен проект за реконструкција на деловен простор, изработен од Урбан Гис Д.О.О Куманово (техн. бр.П-04/22 од јуни 2024).*

## 3. СТРУЧНА КОНТРОЛА НА КОНЗЕРВАТОРСКИ ПРОЕКТИ

*Во извештајниот период за 2024 година, од страна на НУ НКЦ- Скопје и УЗКН, преку Комисиски тела формирани со решение извршени се стручни контроли на следните дваесет и седум (27) конзерваторски проекти:*

- Повторно вршење стручна контрола на коригиран **Проект за конзервација и реставрација на три престолни икони и Царски двери од депото за икони на НУ Завод и Музеј – Штип**, изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Штип (Комисија формирана со решение бр. 08-441/2 од 07.12.2023); поднесен е комисиски Извештај на коригираната верзија со кој проектот е прифатен;
- **Основен конзерваторски проект за реконструкција со адаптација на постоечки објект (1) со намена Б1-мали комерцијални и деловни намени и пренамена во објект со намена А4-времено сместување, КП 1560/1, КО Нов Дојран**, Општина Дојран, изработен од *Иванов инженеринг - ДОО Битола,* поднесен е Извештај од извршената стручна контрола од Комисија формирана со решение бр. 08-46/2 од 30.01.2024 год.;

- **Основен проект за реконструкција со адаптација на постоечки објект (3) со намена Б1- мали комерцијални и деловни намени на КП 1560/1, КО Нов Дојран, Општина Дојран** (фаза *Архитектура и Градежно конструктивен дел),* изработен од *Иванов инжинеринг ДОО Битола* (техн. бр. 0701-14-3/23 од 03/2024г.), од страна на Комисија формирана за вршење стручна контрола на конкретниот проект, изготвен е Извештај;

- **Основен конзерваторски проект Основен конзерваторски проект за реконструкција со адаптација на постоечки објект (2) со намена Б1- мали комерцијални и деловни намени и пренамена во објект со намена А4 – времено сместување - КП 1560/1, КО Нов Дојран, Општина Дојран** (фаза *Архитектура и Градежно конструктивен дел),* изработен од *Иванов инжинеринг ДОО Битола* (техн. бр. 0701-14- 2/23 од 03/2024г.), изготвен е Извештај од Комисијата за вршење стручна контрола на проектот;

- **Основен проект за конзервација и реставрација на куќа на ул. „Таќа Бербер", бр.17, Крушево,** КП 5998 КО Крушево**,** изработен од *Генико* ДОО увоз-извоз Прилеп (техн.бр. 153/2022год.), изготвен е Извештај од Комисијата за извршената стручна контрола на предметниот проект;

- **Основен проект за поставување на заштитно фасадно скеле на дел од објект „Занаетчиски дом" КП 14795 КО Куманово, општина Куманово** (фаза *Архитектура* **„А"** *и Градежно - конструктивен проект* **„Г"),** изработен од ЈП „Куманово – План" Куманово (Техн. бр. 02/24 од април, 2024), изготвен е Извештај за извршената стручна контрола на проектот;

- **Основен проект за конзерваторско-реставраторски работи на Теодосијанска палата во Стоби –** *Археолошки локалитет Стоби, Градско,* изработен од *Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби,* бр.09-117/2 од 03.04.2024 год., изготвен е Извештај од Комисијата формирана за вршење стручна контрола на наведениот конзерваторски проект;

- **Основен проект за конзервација и реставрација на куќа на ул. Таќа Бербер бр. 17 Крушево, КП 5998 КО Крушево**, изработен од *Генико* ДОО увоз-извоз Прилеп (техн. Бр. 153/2022), Формирана е Комисија за вршење стручна контрола со Решение бр. 08-177/2 од 15.05.2024 год., изготвен е Извештај;

- **Основен проект за конзервација, санација и реставрација на фасадата на НУ Музеј Гевгелија, Општина Гевгелија,** изработен *од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј -Струмица* (Бр. 13-122/5 од 16.05.2024 год.), изготвен е Извештај од извршената стручна контрола;

- **Идеен проект за изградба на станбена зграда на КП бр.1705/1 и делови од 1704, 1705/2, 1706, 1707/1, 1709/3 и 1709/4 КО Струмица во Струмица,** изработен од ДПГИ *Вектор 90 Томе Дооел* Струмица (бр. 03-07 од 17.05.2024), од страна на Комисијата доставен е Извештај од извршената стручна контрола со одредени забелешки на идејното решение;

- **Основен проект за доградба и надградба на станбен објект на ул. „Нико Доага" бр. 65 во Крушево, КП 5617 КО Крушево** (фаза *Архитектура* **„А"** *и Градежно - конструктивен проект* „Г"**),** изработен од *Генико* ДОО увоз-извоз Прилеп (техн. бр. 96/2023), изготвен е Извештај од Комисија за извршената стручна контрола;

- **Основен проект за конзервација и реставрација на Куќата на Лазар Личеноски во Скопје, фаза Аритектура и Конструкции**, изработен од *НУ Конзерваторски центар - Скопје* (бр. 08-424/2 од 23.05.2024 год.), Изготвен е комисиски извештај од извршената стручна контрола со кој проектот е прифатен;

- **Основен проект за конзервација на градба, дел од Агора, локалитет Стибера, сектор храм, јужна тераса, с. Чепигово,** изработен од *НУ Завод за заштита на спомениците на*

*културата Музеј - Прилеп* (бр. 10-51/10 од 28.05.2024), изготвен е Извештај од Комисијата за извршената стручна контрола на предметниот проект;

- **Проект за демонтирање на девастираните делови од заштитеното добро во опасност- Куќа на ул. „Коча Миленку“ бр. 29, КП бр. 5909 во Крушево,** изработен од *НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп*, бр.10-66/13 од 31.05.2024 год. и **Градежно-конструктивен проект–„Г**“, бр.10-66/11 од 31.05.2024год., изготвен е Извештај од извршената стручна контрола;

- Стручна контрола на **Основен конзерваторски проект за партерно уредување со комплатна замена на подземна инсталација на ул. Бранд Петрушев и ул. 7 ми Ноември Стара чаршија во Гевгелија,** изработен од Друштво за градење, проектирање и надзор на големо и мало Гоја (Комисија формирана со Решение бр. 08-279/2 од 25.07.2024 година); Изработен и доставен е Извештај од извршената стручна контрола;

- Стручна контрола на **Проект за партерно уредување и оградување на дел од заштитниот простор на споменикот „Илинден“ со детали на урбана опрема и хортикултурно уредување** (во граници на заштитено добро – споменик „Илинден“ – дел од КП 4109) КО Крушево, изработен од НУ Завод заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп; Од Комисија формирана со Решение бр. 08-267/2 од 11.07.2024 година; изработен е Извештај со кој проектот е вратен со забелешки за корекција;

- Стручна контрола на Анекс кон Основен проект за конзервација, реставрација, санација и адаптација на **Плоштадот Нова Југославија и ул. Плоштад маршал Тито во Куманово** (НКЦ Решение бр. 08–322/2 од 27.08. 2024); Изработен и доставен е Извештај од Комисијата за вршење стручна контрола;

- Стручна контрола на Проект за конзервација и реставрација на **дваесетте (20) икони илегално изнесени во Р. Албанија и вратени во Р.С.Македонија,** изработен од НУ НКЦ Скопје (Комисија формирана со Решение од УЗКН, УП Бр 09-2822/2 од 22.08.2024); Изработен и доставен е Извештај;

- Стручна контрола на **Анекс кон Основен проект за конзерваторско-реставраторски работи на Теодосијанската палата во Стоби - Градско,** *интервенции на малтерната подна облога во нимфеумот на перистилот од палатата*, изработен од Национална установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско со арх.бр. 09-117.12 од 30.08.2024 год.; Изработен и доставен е Извештај од Комисијата за вршење на стручна контрола;

- Стручна контрола на **Основен проект за реконструкција на фасада - промена на надворешна столарија, поставување на систем за греење и ладење во музејската зграда Куќа на Робевци, како и промена на столарија и кровен покривач на објект Магаза со санација на кровот на објект Лапидариум** кои претставуваат составен дел од заштитената споменичка целина Музејски комплекс Робевци на ул. Цар Самоил бр.62, КП 16260/1 КО Охрид 3, изработен од НУ Завод и Музеј Охрид; Изготвен и доставен е Извештај од извршената стручна контрола од Комисија формирана до НКЦ;

- Стручна контрола на **Проект за конзервација и реставрација на девет (9) празнични икони од депото за икони на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Штип,** изработен од НУ Завод и Музеј Штип; (Комисија за вршење стручна контрола со Решение бр. 08-44/5 од 25.11.2024 год.); Изготвен и доставен е комисиски извештај;

- Стручна контрола на **Проект за конзервација и реставрација на две (2) олтарни врати од депото за икони** на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Штип” со број 08-232/3 од 25.11.2024 год.;

- Стручна контрола на **Проект за конзервација и реставрација на четири (4) дела од колекцијата на НУ Музеј на современа уметност – Скопје** (УП бр. 09-775 од 02.10.2024г.). Извештај за извршената стручна контрола е доставен до УЗКН, (УП бр. 09-775 од 26.11.2024г.);

- Стручна контрола на **Основен проект за конзерваторско-реставраторски работи на споменичката целина Црвено Поле, с. Барбарево**, о. Ново Село, Струмица (со бр. 08-423/4 од 15.11.2023 год.), изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица, Решение за комисија за стручна контрола со бр.08-424/2 од 07.12.2024г.;

- Учество во Комисија формирана од УЗКН за вршење стручна контрола на **Проект за конзервација и реставрација на седум (7) Престолни икони од црквата Св. Ахил Лариски**, с. Требиште, општина Маврово и Ростуше“, изработен од НУ НКЦ – Скопје (со решение бр. 09-3567/3 од 13.11.2024).

- Стручна контрола на **Основен проект за конзерваторско-реставраторски работи на пет објекти од југоисточното и западното плато на археолошкиот локалитет Цареви Кули – Струмица**, изработен од НУ Завод и Музеј – Струмица (бр. 13-121/6 од 05.12.2024), Решение за формирање комисија со бр. 08-457/2 од 10.12.2024 година

- Стручна контрола на **Проект за Конзервација и реставрација на редок пример на црковни предмети – црковен инвентар: црковни касички**, изработен од НУ Музеј на Р.С Македонија (со решение бр. 09-391/3 од 25.12.2024). Изработен е извештај со кој проектот се враќа со забелешки.

## 4. ВРШЕЊЕ КОНЗЕРВАТОРСКИ НАДЗОР

Националниот конзерваторски центар - Скопје, согласно своите законски надлежности вршеше конзерваторски надзор на работите на непосредна заштита на заштитени недвижни добра и недвижност по намена, согласно донесени решенија од страна на Управата за заштита на културното наследство, како и врз основа на решенија донесени од НКЦ за вршење надзор на работи кои се реализираат од страна на останатите заводи и музеи, или конзерваторски центри, а во одредени случаи стручен надзор се врши и преку ангажман од останатите стручни установи:
Во текот на 2024 год. извршен е конзерваторски надзор (од страна на конзерватори со изборни стручни звања), на непосредната реализација на следните (28) конзерваторски проекти:

- Конзерваторски надзор (*од страна на овластен архитект и археолог*) над реализацијата на **Основен Проект за конзерваторско-реставраторски работи на Јужниот градски бедем и Јужна порта на археолошкиот локалитет Стоби**;
- Вршење на конзерваторски надзор согласно ново издаденото **Конзерваторско одобрение за продолжување на работите на непосредна заштита** (УП Бр. 08-256 од 05.04.2024 год.) согласно **Проект за конзерваторско-реставраторски на сочуваните мермерни елементи од гледалиштето на Театарот во Стоби**, изработен од Национална установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско (Тех. Бр.09-102/2 од 20.04.2023г.),

- Конзерваторски надзор на реализацијата на работите на непосредна заштита**: Конзервација и реставрација на меморијалниот споменик - Спомен костурница на паднатите борци во Куманово,** согласно конзерваторски проект изработен од НУ НКЦ - Скопје *(Втора фаза);*

- Продолжува вршење на конзерваторски надзор *(од овластен археолог и архитект)* над работите на непосредна заштита: **конзервација и реставрација на супструкцијата од источната половина на SUMMA CAVEA на Театарот во Стоби - Градско**;

- Конзерваторски и археолошки надзор на реализацијата на **Основен проект за реконструкција на дел од улица Јосиф Даскалов и дел од ул. Ѓорѓи Кратовски**, КО Кратово (носител на Конзерваторското одобрение е Општина Кратово);

- Врз основа на Конзерваторско одобрение (УП Бр. 08-326 од 16.05.2024**)**, издадено на *Национална установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско* за реализација на **Основен проект за конзерваторско-реставраторски работи на Теодосијанската палата во Стоби,** од страна на НУ НКЦ – Скопје донесено е решение **за** вршење конзерваторски надзор од овластен *археолог и архитект*;

- Продолжува вршењето на конзерваторски надзор над изведувањето на работите на непосредна заштита: **конзервација, реставрација, санација и ревитализација на конакот во Лешочкиот манастир Св. Атанасиј, с. Лешок**, Општина Теарце (шеста фаза);

- Продолжи вршењето на конзерваторски надзор над работите за преземање на мерки за непосредна заштита **на дел од објектот - Занаетчиски дом, ул. Маршал Тито бр. 25 во Куманово,** КП 14795 КО Куманово;

- Конзерваторски надзор (од овластен архитект и археолог) на работите на непосредна заштита на градба **дел од Агора археолошки локалитет Стибера**, **Сектор храм, јужна тераса, Чепигово**; изработен и доставен е Извештај од извршениот конзерваторски надзор;

- Вршен е конзерваторски надзор на работите на непосредна заштита на **Градбата со Арките на археолошки локалитет Стоби, Градско**; изработен е Извештај од извршениот конзерваторски надзор;

- Вршен е Конзерваторски надзор со Решение (НУ НКЦ бр. 08-259/2 од 09.07.2024г.) на работите на непосредна заштита **- конзервација и реставрација на 40 икони и иконостас во црквата Св. Спас – Скопје**, односно фазата предвидена за реализација за 2024 година, конзервација и реставрација на десет (10) икони. Носител на Конзерваторско одобрение и изведувач е НУ Конзерваторски центар-Скопје;

- Археолошки надзор над конзерваторско-реставраторските работи на Објект бр. 2 од заштитено недвижно добро **споменичка целина Црвено поле, с. Барбарево,** Општина Ново село (согласно, Решение за вршење конзерваторски надзор од овластен археолог, бр. 08-100/4 од 23.08.2024 год.);

- Со Решение бр. 08-47/5 од 20.09.2024 г. извршен е конзерваторски надзор на работите на непосредна заштита на два објекти: **Резиденцијален и комерцијален кварт на археолошки локалитет Стоби, Градско;**

- Конзерваторски надзор на работите на непосредна заштита на **Спомен костурницата на паднатите борци од НОВ во Куманово;** По завршувањето на работите изработен и доставен е Извештај за реализираните заштитни интервенции;

- Продолжува вршењето на конзерваторски надзор над **реализацијата на работите на непосредна заштита на Соколски дом во Куманово**, носител на Конзерваторско одобрение е Општина Куманово, Изготвен е времен извештај;

- Конзерваторски надзор на работите на непосредна заштита: **Конзерваторско-рставраторски работи на архитектонските ѕидни остатоци во Тедосијанската палата на археолошкиот локалитет Стоби;** Изработен и доставен е Извештај од извршениот конзерваторски надзор;

- Конзерваторски надзор на работите на непосредна заштита: **Конзерваторско-реставраторски работи на спомeничката целина Бања банско, с. Банско Струмица**, Носител на Конзерваторско одобрение е НУ Завод и Музеј Струмица (втора фаза); изготвен и доставен е Извештај од извршениот конзерваторски надзор до УЗКН и територијално надлежната установа;

- Извршен е конзерваторски надзор на работите на непосредна заштита: **конзерваторско-реставраторски работи на црквата Св. Архангел Михаил и Св. Гаврил Лесновски пустиножител во Лесновски манастир**, с. Лесново (шеста фаза); по завршувањето на работите, изработен и доставен е Извештај од страна на конзерваторскиот надзор;

- Конзерваторски надзор на работите: конзервација, реставрација и ревитализација на **конакот во Лешочкиот манастир Св. Атанасие, с. Лешок**, општина Теарце (петта и шеста фаза); По завршените конструктивни зафати на манастирскиот конак, доставен е Извештај од извршениот надзор на работите;

- Конзерваторски надзор над реализацијата на **Проект за конзервација на музички инструменти од постојаната поставка на Локален Музеј – Галерија Кавадарци** (МРСМ Решение бр. 03 – 561/7 од 18. 10 2024год.);

- Вршен е конзерваторски надзор на работите на непосредна заштита: **Конзервација и реставрација на седум икони од депото на икони на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Шти**п (со Решение Бр. 08-310/1 од 20.08.2024 г.);

- Конзерваторски надзор на работите на непосредна заштита: **Конзервација и реставрација на ѕидното сликарство во црквата Св. Ѓорги во с. Курбиново**;

- Конзерваторски надзор на **конзервација на музички инструменти од постојаната поставка на Локален Музеј – Галерија Кавадарци** (МРСМ Решение бр. 03 – 561/7 од 18. 10.2024);

- Конзерваторски надзор на работите на непосредна заштита: **конзервација и реставрација на иконостасот во црквата Св. Благовештение во Прилеп**, врз основа на Измена на Решение Бр. 08-383/1 од 17.10.2024 год.;

- Вршење на Конзерваторски надзор со Решение бр.02-619/2 од 20.11.2024 од НУ Музеј на Современа уметност за конзерваторски проект **- Конзервација и реставрација на две слики:** „Коледари" автор Никола Мартиноски и „Автопортрет", автор Марко Челебоновиќ, од колекцијата на НУ НГМ на РСМ;

- Конзерваторски надзор над изведбата на конзерваторско-реставраторските работи на **живописот на црквата Св. Богородица Болничка во Охрид** (08-286/5 од 19.09.24 г.);

- Вршење на конзерваторски надзор над работите на непосредна заштита: конзерваторско-реставраторски интервенции на **мозаик од археолошкиот локалитет Стакина Чешма Валандово 2024 година,** I-фаза; изготвен и доставен е Извештај.

*По завршувањето на работите на непосредна заштита на недвижните добра, од страна на определените надзорни стручни лица се доставени финални извештаи од конкретно извршените конзерваторски надзори.*

## 5. КОМИСИИ ЗА ПРИЕМ НА ИЗВЕДЕНИ РАБОТИ

Учеството/членството во Комисиите за прием на изведени работи на непосредна заштита ги формира исклучиво Управата за заштита на културното наследство и во текот на 2024 год. извршен е комисиски прием на следните работи:

- Учество во Комисија за прием на изведени работи на непосредната заштита на музејски материјал, според проектен елаборат за движно добро: **Основен проект – Заштита на музејски експонат – метална врата од ковано железо од Стара железничка станица** – *Скопје* (УЗКН Решение бр. 09-38/2 од 15.01.2024); Подготвен е комисиски *Записник за прием на изведените работи* и истиот е доставен во УЗКН.

- Учество во Комисија (формирана од УЗКН, со решение УП 12-949/4 од 29.04.2024г.) за прием на изведени работи на непосредна заштита **- Проект за Конзервација и реставрација на два процесиски крста од ризницата на Бигорскиот манастир Св. Јован Крстител,** изработен од НУ НКЦ - Скопје *(бр.08-136/8 од 27.07.2023г.);* Подготвен е *Записник од извршениот прием на изведени работи на непосредна заштита*, со кој се прифатени изведените работи.

- Учество во Комисија (формирана од УЗКН со решение УП бр. 09-1094/2 од 29.04.2024г.) за прием на изведени работи на непосредна заштита **- Проект за конзервација и реставрација на иконописот од XIX век во регионот на Градско (Повардарска епархија) – икони од црквата Св. Спас, с. Ногаевци,** општина Градско (I фаза), изработен од НУ НКЦ – Скопје (*бр. 08-128/11 од 27.12.2022г),* Подготвен е *Записник за извршен прием на изведени работи на непосредна заштита,* со кој се прифатени изведените работи.

- Учество во Комисија за прием на изведени работи на непосредна заштита на **ликовното дело од италијанскиот уметник Џанфранко Барукело, По нужда добродетел, од колекцијата на Музеј на современа уметност-Скопје** (согласно Решение издадено од УЗКН бр. 09-2985/5).

- Учество во Комисија за прием на изведени работи на непосредна заштита - **Проект за конзервација и реставрација на иконописот од 19 век во регионот на Градско (Повардарска епархија) – икони од црквата Св. Спас, с. Ногаевци**, општина Градско (I фаза), изработен од НУ НКЦ – Скопје (со решение УП бр. 09-1094/2 од 29.04.2024). Поднесен е Записник за извршен прием на изведени работи на непосредна заштита
- Учество во Комисија за прием на изведени работи на непосредна заштита за извршени конзерваторско-реставраторски работи на **Царските двери и две икони од манастирот Св. Архангел Михаил во Берово,** општина Берово; подготвен е Записник;
- Комисија за Прием на изведени работи на непосредна заштита – **Конзервација и реставрација на два процесиски крста од ризницата на Бигорскиот манастир Св. Јован Крстител** (бр.08-136/8 од 27.07.2023) изготвен од НУ Национален конзерваторски центар – Скопје;

## *6.: ИНДОК ЦЕНТАР*

- **ИНДОК ЦЕНТАР** - ***Континуирано се врши распоредување на архивската документација*** *што влегува во Индок – центарот* преку влезна книга за Архивска ѓраѓа и истата се распоредува по соодветните папки (досие на споменикот), според видот на документацијата и заштитниот статус на доброто (регистрирано или евидентирано недвижно добро, или недвижност по намена). Ваквиот систем на организација, средување и чување на оригиналната дескриптивна, техничка и фото документација за културното наследство, кој е востановен со години обезбедува достапност во пребарувањето и нејзино користење согласно барањата на стручните лица, но исто така потребно е осовременување и дигитализација, обезбедување трајна заштита і чување на оригиналите, односно соодветна заштита од нивно оштетување.

- **Тековно одржување на WEB страната heritage.gov.mk**

- **Доставување податоци од Јавен карактер**

Врз основа на Барање за податоци од јавен карактер од страна на физичко лице, доставена е следната документација:

- *Детална листа на сите објекти (недвижни добра) кои се со решение на надлежен орган прогласени за недвижно културно наследство и заштитени согласно Закон, на територија на Општина Тетово, со фото приказ и опис.*
- *Детална листа на евидентирани објекти на територија на Општина Тетово за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство..*

### *6.1 Документирање на мозаични елементи*

Со Решение бр. 08-355/2 од 03.10.2024 год. формиран е мешовит стручен тим од НКЦ и стручно лице од НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби за изработка на соодветна *детална техничка* и фотодокументација на ***опус сектиле мозаикот*** (приближно 2000 камчиња во различна форма и големина, материјал и начин обработка), се документирани и соодветно специфицирани. Мозаичните елементи во досегашната документација е именуван како **„Ранохристијанска интарзија од Стоби“**.



## III. ВОНПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

*(врз основа на договори за меѓуинституционална соработка, давање стручна помош; реализација на инфраструктурни проекти и ангажмани по друг основ)*

1. **Конзерваторско-реставраторски работи на 122 дела од Спомен куќата на Лазар Личеновски**

- *Работите на непосредна заштита на ликовните дела се реализираат согласно потпишан Договор за соработка со НУ Национална галерија на Македонија (НУ НГМ) за реализација на* ***Основен проект за изведување на конзерваторско-реставраторски работи на 122 дела од Спомен куќата на Лазар Личеноски"*** *- Скопје бр.10-361 од 15.11.2021 год. од НУНГМ на РСМ наш бр.03-91/2 од 30.08.2022- ваш бр. 03-394/1 од 28.08.2022год.;*

- *Завршена е непосредната заштита на 15 ликовни дела од 2 (втората) фаза,*

   

*Согласно добиеното Конзерваторско одобрение* УП Бр.09-803 од 27.09.2024год. отпочната е непосредната заштита на десет (10) дела од трета (3) фаза од Спомен-куќата на Лазар Личеноски" (бр.10-361 од 15.11.2021 год.);
Раководител на работите на непосредна заштита: м-р *Ема Петрова Николовска* –сликар, конзерватор советник.

2. **Археолошки истражувања**

### *2.1 Археолошко рекогносцирање*

- *Согласно Договор за вршење археолошко рекогносцирање на траса за изградба на Коридор 8, Делница на автопат: Гостивар-Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево, како и Делница на автопат: Тетово-Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште и Општина Гостивар*, потпишан помеѓу договорни страни*: Јавно претпријатие за државни патишта (ЈПДП) и НУ Национален конзерваторски центар–Скопје* Договор (бр.08-373/5 од 07.12.2023год.), се врши теренска визуелна проспекција на трасата согласно создадените теренски услови и прилагодувања кон оперативниот план и динамиката на работа диктирана од страна на главниот изведувач на работите.
    - Со решение од НУ НКЦ - Скопје формиран е стручен тим за реализација на наведеното археолошко рекогносцирање, согласно извршените увиди се *доставувани писмени периодични известувања со придружна фото-документација*.

- Со Решение за формирање на стручен тим (бр. 08-163/6 од 15.05.2024 год) вршени се стручни увиди (рекогносцирање) во границите на планскиот опфат за постоење на културно наследство на подрачјето на проектниот опфат на *Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на разделна и делнична дистрибутивна мрежа од хидромелиоративен систем „Равен-Речица*", Општина Гостивар, Изготвен е Извештај од извршената десетдневна теренска проспекција во границите на подрачјето на планскиот опфат.

- Врз основа на склучен Договор со *Општина Кавадарци*, како и ангажман на тим од НУ Археолошки музеј – Скопје, извршено е *недеструктивно археолошко истражување – геоскенирање на просторни целини во рамките на археолошкиот локалитет Грнеица, с. Ваташа*, Општина Кавадарци, во границите на проектниот опфат за изработка на *Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Спортски терени на отворено (картинг) со намена Д3.1 на делови на катастерските парцели: КП 1276 и 1277, КО Ваташа*, Општина Кавадарци.

  - Од страна на стручниот тим кој го спроведе предметното геоскенирање доставен е Извештај.

***2.2 Заштитни археолошки истражувања***

- Од страна на стручен тим формиран од Националниот конзерваторски центар Скопје извршени се заштитни археолошки истражување на археолошкиот локалитет „Градиште", с. Горна Бањица, општина Гостивар (на трасата за изградба на Коридор 8, делница на Автопат: Гостивар-Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево), согласно Договор за финансирање на истражувањата склучен помеѓу НКЦ - Скопје и Јавното претпријатие за државни патишта - ЈПДП).

- Извршено е Заштитно - археолошко истражување/ископување на стационажа км 7 + 156,90 (стопа за изградба на мост), кај с. Горна Бањица, Општина Гостивар - на трасата за изградба на Коридор 8, делница на Автопат: Гостивар-Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (согласно договор склучен со Јавното претпријатие за државни патишта)

**3. Елаборати за валоризација/ревалоризација**

- Изработка на Елаборат *за ревалоризација на Маркова кула во Кавадарци* и Предлог за донесување управен акт за прогласување на *значајно културно наследство* (договор склучен со Општина Кавадарци); Административно-управната постапка за донесење акт за заштита не се заврши до крајот на 2024 год.

- Изработка на *Елаборат за валоризација на археолошкиот локалитет Градиште*, кај с. Горна Бањица, Општина Гостивар и Предлог за донесување акт за прогласување за културно добро под привремена заштита: Од Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура и туризам –донесено е *Решение за привремена заштита на арх. лок. Градиште*, с. Горна Бањица, општина Гостивар (УП бр. 18-1041 од 20.12.2024).

**4. Учество во изработка и/или реализација на проекти** (*по основ на Барање од други национални установи: заводи и музеи, галерии, музеи)*

- Вршење лабораториски испитувања - *хемиски анализи на остеолошки материјал* по Барање на Музеј „Теракота" Виница (согласно Решение бр. 08-309/1 од 19.08.2024);

- Учество во изработка *Проект за конзервација и реставрација на редок пример на црковни предмети – црковен инвентар*: *Црковни касички* (по барање на НУ Музеј на РС Македонија (Решение бр. 03 – 647/1 од 08.10.2024);

- Учество во конзерваторски истражувања и изработка на конзерваторски проект за конзервација на иконите од иконостасот во црква *Св. Троица во с. Дабиле*, о. Струмица изработени од зографот Григориј Пецанов (на барање од НУ Завод и Музеј Струмица, Решение бр. 13 – 446/1 од 19.09.2024);

- Учество во изработка на *Проект за конзервација и реставрација на црковниот комплекс во рамките на споменичката целина „Кале – Стрезов Град*", с. Челевец, Општина Демир Капија. Решение за формирање на стручен тим за изработка на конзерваторски проект со бр. 08-340/3 од 08.10.2024 година

## IV. ОРГАНИЗАЦИСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

➢ **УПРАВЕН ОДБОР НА НУ НКЦ – Скопје**

- Управниот одбор (УО) на Националната установа Национален конзерваторски центар – Скопје во периодот од **01.01.2024 – 31.12.2024 год.** одржа 9 (девет) седници на следните датуми:
    - 123 седница - 08.02.2024 година
    - 124 седница – 28.02.2024 година
    - 125 седница – 28.06.2024 година
    - 126 седница – 05.07.2024 година
    - 127 седница – 27.09.2024 година
    - 128 седница – 07.11.2024 година
    - 129 седница – 17.12.2024 година
    - 130 седница – 20.12.2024 година
    - 131 седница – 30.12.2024 година

*На седниците на Управниот одбор во точките од дневниот ред се разгледувани различен вид на материјали, програма за работа на НКЦ, правилници, годишни извештаи за извршени работи (наративен и финансиски дел), извештаи од пописни комисии како и др. барања од вработениот кадар, или поднесени од надворешни соработници, а истите во најголем дел поврзани со усвојувања на барањата, или донесување одлука за нивно одобрување, односно задолжување на директорот за понатамошно процесуирање/или конкретно постапување за изработка на одреден вид на правилник, прирачник/ упатство за работа и сл.*

➢ **СТРУЧЕН СОВЕТ НА НУ НКЦ Скопје**

Заради разработка на одредени стручни прашања на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, беше фомиран нов состав на Стручниот совет одржани се состаноци на следните датуми:

- 30.09.2024 година по различни прашања и проблеми со коишто се соочува установата.

- 14.10.2024 година за измени и дополни на Образецот за нацрт-Годишната програма на НУ НКЦ – Скопје за 2025 година.

- 18.10.2024 година за Документација, Програма за работа за 2025 година, ангажирање на надворешни соработници и др. актуелни проблеми;

- Одржани се и други состаноци од аспект на разгледување на разни стручни прашања поврзани со работењето на установата.

➢ **ИНТЕРНИ СТРУЧНО -РАБОТНИ ГРУПИ во НКЦ**

- Формирана **е** работна група/тим за спроведување на Функционална анализа (ФА) во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје (со решение бр. 02-291/1 од 09.08.2024 год.).
  - Функционалната анализа е подготвена и изработена врз основа на дефинираните чекори во Методологијата за спроведување на ФА во институциите во Јавниот сектор. Беше изготвен и усогласен Акциски план кој се спроведе во целост. Извештајот од спроведената Функционална анализа е предаден до в.д директорот на 19.09.2024 година;

- Формирана е работна група за измени и дополнување на актот за систематизација на НУ Националниот конзерваторски центар – Скопје (со решение бр. 01-1/2 од 19.11.2024).
  - Работната група ги направи измените и дополнувањето на Правилникот за систематизација на НУ НКЦ – Скопје и истиот по електронска пошта е доставен до *Министерството за државна администрација* на одобрување

❖ АДМИНИСТРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

➢ **Спроведување на јавни набавки:**

Реализирани се повеќе јавни објави за следниот вид на набавки/услуги од различен карактер:

- *Канцелариски материјал; препарати/средства и др. вид на материјали за потребите на хемиската лабораторија и за конзерваторско-реставраторски интервенции на ѕидното сликарство и иконите; ХТЗ опрема за вработените стручни лица*;

- Избор на *Агенција за физичко обезбедување на установата и Авторска агенција;*

- *Спроведување на повеќе тендерски постапки* за избор на *најповолна градежна фирма за извршување работи на непосредна заштита на архитектурата за недвижните културни добра* (согласно Годишниот план за јавни набавки, проектите од Годишната програма за работа на установата за 2024год. и висината на одобрени финансиски средства за секој поединечен проект).

- *Формирање на пописни комисии* (за архивски материјал; основни средства, ситен инвентар и залихи на материјали за 2024; парични средства во благајната и сметките на НУ НКЦ Скопје) , исто така беше формирана и комисија за вршење на вонреден попис на основните средства и инвентарот во работните простории, како и попис на материјали, средства, алат и различен вид на опрема во магацинскиот простор на НКЦ.

➢ **Архивско работење**:

- Во извештајниот период на 2024 год. во Архивата на НУ НКЦ Скопје вкупно се изврши заверка на 487 броеви и 2223 подброеви
- Отворени се 327 патни налози и 153 налози за извршување на теренска работа.

## V. СТРУЧНО -НАУЧНИ АНГАЖМАНИ

**Учество во стручно-работни групи и комисиски тела - фомирани со решение од Министерство за култура и туризам и УЗКН**

- Учество во работна група за изработка на ***Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство*** (2025-2029), формирана од Управата за заштита на културното наследство (со решение донесено од УЗКН УП бр. 18-3249/1 од 15.10.2024 и решение за измена бр. 18-3249/2 од 30.12.2024). Од добивањето на решението беа одржани 5 (пет) состаноци, на кои активно се учествува во изработката на Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство (2025-2029);

- Членство во ***Националниот совет за културно наследство*** (формиран од Министерство за култура и туризам, Решение бр. 29-504/4 од 04.11.2024);

- Учество на повеќе стручни лица *во **Рецензионата комисија за избор и реизбор во изборни стручни звања*** во областа на заштитата на културното наследство (Комисија формирана од Министерството за култура и туризам);

- Учество во **Комисија за *управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот регион***, согласно Решение донесено на седница на Влада на Република Северна Македонија);

**Учество на меѓународни конференции, работилници, презентации и др.**

- Работилница со наслов: „**Борба против недозволената трговија со културни добра во Западен Балкан“**, финансиран од Европската комисија (DG NEAR/DG EAC) и имплементиран од УНЕСКО преку Регионалното биро за наука и култура на УНЕСКО во Европа (Венеција) и седиштето во Сараево, кој се одржа во Скопје во периодот од 08. - 12.07.2024 година;

- Учество на меѓународна конференција „**Интеркултурна поврзаност, одржлив развој на културни центри и организации**“, на 27.09.2024 година, организирано од страна на Макфолк – Скопје;
- **Учество** на Меѓународна конференција од Проектот ,,**Интеркултурна поврзаност, одржлив развој на културни центри и организации**,, со тема ,,Оджлив економски развој и подршка за интеркултурно вработување. Подршка за културниот сектор во примената на стандардите на ЕУ;
- **Учество** во работилница – **Конзерваторски материјали, од наука до примена**, организиран при Археолошки локалитет Стоби од 16 – 18 октомври 2024 год.;
- **Учество** во тридневна работилница за градење на капацитети „**Примена на законодавството во С Македонија за зајакнување на борбата против нелегални активности кои го таргетираат културното наследство**“, организирана од УНЕСКО и одржана во Музејот на македонската борба за самостојност - Скопје, од 27 до 29 ноември 2024 година. **Учество и во панел дискусијата** на 29 ноември 2024 година: Fighting the illicit trafficking of cultural property: a toolkit for European judiciary and law enforcement - UNESCO Digital Library;

**В.д Д И Р Е К Т О Р**

м-р Цветанка **ХАЏИ ПЕЦОВА**

Скопје, 21.02.2025 година